ПРЕДЛАГА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА

# ПРЕДЛОГ ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА РАБОТА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА



**БИТОЛА**
**2016**

# ВОВЕД

Управувањето со животната средина претставува организиран систем на мерки и активности наменети за намалување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Воспоставувањето на организиран систем на управување со отпадот и управувањето со јавната чистота, претставува систем на комбинација на различни законски, економски и технички мерки со цел воспоставување на интегрален и одржлив систем на управувањето со отпадот.

Правилниот начин и третман на животната средина (управувањето со отпадот и управувањето со јавната чистота) придонесува ефикасна комунална услуга како стопанска дејност за задоволување на потребите на правните и физичките лица на територијата на Општина Битола.

Согласно законската регулатива за животна средина управувањето со отпадот и одржувањето на јавната чистота е надлежност на локалната самоуправа која е должна да обезбеди услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности со потребен квалитет и обем на комуналните услуги.

Вршењето на комуналната услуга на територијата на Општина Битола го врши ЈП Комуналец преку организиран систем на управување, преку годишни планови и програми за работа.

ЈП Комуналец Битола е основано 1966 година од страна на Општина Битола. Основната дејност на јавното претријатие е постапување со комунален и друг вид на неопасен отпад, одржување на јавни зелени површини, одржување на јавна чистота и уредување и одржување на гробишта. Во состав на ЈП Комуналец работи и одделение за поддршка на директорот и одделение на управување со човечки ресурси.

Својата комунална дејност јавното претпријатие ја врши со 252 работници распоредени во пет сектори:

- Сектор  Комунална хигиена;
- Сектор Јавно зеленило;
- Сектор Уредување и одржување на гробишта;
- Сектор за Општи и правни работи
- Сектор за Финансиско работење

# ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

## Основна дејност

Основна дејност на Секторот Комунална хигиена е управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на територијата на Општина Битола, односно собирање, селектирање, транспортирање, третман, складирање и отстранување (депонирање) на отпад.

Во состав на Секторот Комунална хигиена спаѓаат:

- Одделение за собирање,транспортирање и депонирање на отпад
- Одделение за селектирање и транспортирање на отпад
- Одделение за депонирање на отпад
- Одделение за одржување на механизација и возила
- Одделение за технички работи и услуги во кое спаѓаат:
  - ✓ Оддел за згрижување на кучиња скитници
  - ✓ Оддел за подигање на возила

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад ќе се врши од вкупно 16 реони. Од 14 реони собирањето на комуналениот отпад ќе се врши од комбинирано од правни и физички лица кои поседуваат канти и контејнери од 1,1м3, а од 1 реон ќе се врши собирањето индустриски неопасен отпад. во контејнери од 5м3. Селективно собирање на хартија и пластика (PET) ќе се врши од еден реон одделно од комуналниот и индустриски неопасниот отпад.

Доколку постојат реални услови за проширување на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад во руралните средини во 2017 год. се предвидува формирање на уште еден реон за собирање на отпад.

## Собирање и транспортирање и депонирање на отпад

Соглано Програмата за управување со отпад за 2017-2019 година за 2017 година се предвидува:

- Собирањето и транспортирањето на посебните видови на отпад гломазен (габаритен отпад) и отпад од електрична и електронска опрема ќе се врши континуирано цела година.

.

## Садови за собирање на комунален отпад и селектиран отпад

За 2017 год. се предвидуваат да се набават:

- 50 метални контејнери од 1,1м$^3$, со поцинковани капаци
- 100 контејнери со капаци од 1,1м3 пластични (зелена боја)
- 200 канти од 120 литри (зелена боја, наменети за собирање на комунален отпад);
- 50 пластични канти во жолта боја со волумен од 240 литри наменети за селективно собирање на отпадна (РЕТ) платика;

За сервисирање на контејнери се предвидува набавка на 500 тркала, како и сите потребни резервни делови за контејнери.

## Селективно собирање

За 2017 год. за селективно собирање на отпадна хартија и пластика потребно е да се набават:

- 500 пластични канти со капацитет од 120 литри (жолта боја) наменети за собирање на отпадна (РЕТ) пластика од индивидуални домаќинства;
- 10 контејнери пластични во жолта боја со капацитет од 1,1м3 наменети за собирање на отпадна пластика во новоизградени колективни домаќинства;

- 10 контејнери пластични со сина боја со капацитет од 1,1м3 за собирање на отпадна хартија;

Во 2017 год. се продолжува со процесот на стакло, за што се планира поставување на 20 пластични канти за собирање на стакло распоредени исклучиво на правни субјекти.

## Проекти

Вклучување во изработка на проектната документација на Регионални планови и стратегии за управување со отпад во Пелагонискиот регион.

## Техничка опременост

За ефикасно извршување на работните задачи, односно за безбедно собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на Општина Битола , како и за потребите на Секторот Комунална хигиена на располагање се вкупно следните возила:

| Реден број | Возило | Регистерски број | Вид на возило | Година на производство |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мерцедес | ВТ-711-АК | Пајак | 1991 |
| 2 | Ивеко | ВТ-426-CN | Спец возило за отпад | 2003 |
| 3 | Цитроен | ВТ-653-DL | Лесно возило | 2011 |
| 4 | Ивеко | ВТ-285-DC | Спец.возило за отпад | 2001 |
| 5 | Ман | ВТ-0356-АС | Спец.возило за отпад | 2002 |
| 6 | Волво | ВТ-1589-АВ | Спец.возило за отпад | 2001 |
| 7 | Ивеко | ВТ-948-DL | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 8 | Волво | ВТ-463-DK | Спец.возило за отпад | 1998 |
| 9 | Волво | ВТ-1962-АВ | Спец.возило за отпад | 2001 |
| 10 | Волво | БТ-0269-АБ | Спец.возило за отпад | 2001 |
| 11 | Цитроен | ВТ-502-DK | Пикап возило | 2010 |
| 12 | Цитроен | ВТ-183-DH | Комбе | 2009 |
| 13 | Исузу | ВТ-196-BL | Спец.возило за отпад | 1997 |
| 14 | Ивеко | ВТ-427-CN | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 15 | Ивеко | ВТ-428-CN | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 16 | Ивеко | ВТ-732-DA | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 17 | Ивеко | ВТ-493-CN | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 18 | Ивеко | ВТ-519-DA | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 19 | Ивеко | ВТ-497-CN | Спец.возило за отпад | 2003 |
| 20 | М1625 | ВТ-4346-АВ | Кипер | 1988 |
| 21 | Катерпилар | | Булдужер | 2001 |
| 22 | Краз | | Кипер | 2002 |
| 23 | ТГ-80-В | | Булдужер | 1996 |
| 24 | ТГ-110 | | Булдужер | 1996 |
| 25 | БГХ 600 | | Утоварач | 2007 |
| 26 | Тојота | | Вилушкар | 2010 |
| 27 | ФАП | ВТ-768-АР | Цистерна | 1996 |
| 28 | Волво | ВТ-6837-АВ | Спец.возило за отпад | 2002 |
| 29 | Мерцедес | ВТ-642-DL | Спец.возило за отпад | 1996 |
| 30 | Пајак возило | БТ-6413-АЦ | Пајак | 2016 |
| | | | | |

За ефикасно извршување на работните задачи и за безбедно собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на Општина Битола, како и за потребите на Секторот Комунална хигиена на располагање се вкупно 16 специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад ,едно лесно возило , едно комбе ,две пајак возила и едно возило наменето за шинтерска служба, и возила за работа на депонија.

Потребно е набавка на две специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет на надградба од 14м3 до 16м3.

За потребите на ЈП ,, Комуналец,, потребно е комплетно реновирање на механичарската работилница, од причини што истата во постоечката состојба нема капацитет за поправка на возилата.

## Депонирање на отпад

Работата на депонија во 2017 год. продолжува според Планот и програмата за депонирање на комунален отпад во депонија Мегленци,(2014-2019). Во 2017 год. се продолжува со Проектот на мониторинг на депонијата односно со комплетно евидентирање на отпадот што се депонира.

За потребите на депонијата ангажирани се следните возила булдужер ТГ-80, булдужер ТГ-110, багер гусеничар БГХ-600, камион КРАЗ кипер, Камион М1625 кипер и булдужер Катерпилар К-977.

За 2017 година се предвидува комплетно репарирање на ТГ-80.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И УСЛУГИ**

## Оддел за подигање на возила

Во 2017 година се продолжува со истата динамика на работа во одделението за подигање на возила се предвидува да работи во две смени, и да се подигнат околу 1.500 возила.

- Потребно е да се изврши сервисирање на надградбата на пајак возилото М1213.

## Оддел за згрижување на кучиња скитници

Одделението за згрижување на кучиња скитници во 2017 год. предвидува да фати околу 200 кучиња, при што дел од тие кучиња ќе бидат згрижени од страна на граѓаните.

## Инвестиционен план

| Р.бр | Мерка | Кол. | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Специјално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет на надградба од 16м$^{3}$ - - 14м3 | 2 | 4.000.000,00 | 8.000.000,00 |
| 2 | Контејнери метални поцинковани од 1,1м | 50 | 15.000,00 | 750.000,00 |
| 3 | Пластични канти од 120 литри зелени | 200 | 1.000,00 | 200.000,00 |
| 4 | Пластични контејнери од 1,1м3 (100зелени,10 жолти , 10 плави, ) | 120 | 10.000,00 | 1.200.0000,00 |
| 5 | 200 канти од 120 л.зелени | 200 | 980,00 | 196.000,00 |
| 6 | 50 канти од 240 л. | 50 | 2.150,00 | 107.500,00 |
| 7 | Сервисирање на пајак возило | 1 | | 600.000,00 |
| 8 | Ремонт и одржување на механизација на депонија ремонт на ТГ-80 | 1 | | 1.500.000,00 |
| 9 | Реконструкција на механичка работилница | 1 | | 1.500.000,00 |
| ВКУПНО | | | | **14.053.000,00** |

Средствата во износ од **14.053.000** денари, потребни за реализирање на овие проекти ќе се обезбедат од сопствени приходи.

## Планирани приходи

Во Секторот Комунална хигиена вкупниот приход се планира да изнесува 111.300.000 ден. или 61 % од вкупниот приход на претпријатието.

Приходи од ѓубретарина од население..........................................70.500.000,00ден
Приходи од ѓубретарина од правни субјекти................................32.000.000,00ден
Приходи од собирање и деп.на комунален отпад...........................3.000.000,00ден
Приходи од продажба на контејнери.................................................300.000,00ден
Приходи од продажба на отпадна пластика --------------------------- 200.000,00ден.
Приходи од балирање и собирање на хартија................................ 1.100.000,00ден
Приходи од продажба на пластични канти.......................................150.000,00ден
Приходи од продажба на ситен инвентар.........................................300.000,00ден
Приходи од пајак служба....................................................................400.000,00ден
Други видови на приходи..................................................................3.350.000,00ден

**ВКУПНО: 111.300.000,00ден**

## Кадровска опременост  85 работници

Секторот  Комунална хигиена расплага со следниот стручен кадар,

- Висока стручна спрема ВСС.............................................................3
- Виша стручна спрема ВШС..............................................................1
- Средна стручна спрема ССС...........................................................25
- Квалификувани работници КВ........................................................11
- Неквалификувани работници НКВ..................................................45

# ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

## Основна дејност

Во современиот свет парковите и другите зелени површини, особено тие со специјална намена, содржат во себе услови за активен и пасивен одмор во зеленило, за спорт, разонода и забава, т.е. за физички и психички одмор. Зеленилото благотворно влијае особено врз физичкиот и менталниот развој кај децата и младината. Тоа развива смисла за ред, уредност, трудољубивост и другарство, смисла за колективност. Затоа парковите се насушна потреба на големите градови.

Под зеленило се подразбира урбаното зеленило, односно зелените површини во границите на планскиот опфат, како и зелените површини во непосредна близина на градот кои се надвор од планскиот опфат.

Функцијата и улогата на зеленилото е да доведе:

- зачувување на биолошката разновидност
- подобрување на микроклимата
- подобруавње на квалитетот на воздухот
- облагодарување и декорација на теренот
- и овозможува рамнотежа во изградениот простор како зелена мрежа која овозможува допир со природата

Видови на зеленилото-системот на зеленилото ги опфаќа:

1.Јавно зеленило

2.Останато зеленило (зеленило со ограничено користење)

Јавно зеленило се сите  зелените површини на кои до денот на влегување во сила на законот за зеленило, е извршено уредување и озеленување во смисла на: садење трева, садници на цвеќе, косење на зелените површини, уредување на

зелените површини, уредување на дрворедите или детски игралишта со своите елементи кои се во функција на зелените површини.

## Типови на јавно зеленило се:

1. Парк е зелена површина во градското ткиво која се користи за одмор шетање, разонода и игра;
2. Сквер е зелена површина во градско подрачје кој се користи за краткотраен одмор и игра;
3. Дрворед е линиски облик на зеленило, поставено по должината на сообраќајницата:
4. Зеленило по должината на сообраќајници и површини на пешачки патеки и патеки за велосипедски сообраќај;
5. Зеленило на јавни отворени простори.

Секторот Јавно зеленило која е во склоп со јавното претпријатие Комуналец Битола, се занимава со уредување, одржување, заштита и реконструкција на јавно зеленило и одржување на јавната чистота во Општина Битола.

Во состав на Секторот на јавно зеленило работат две одделенија:

1.**Одделение** за уредување, одржување, заштита и реконструкција на јавното зеленило и одржување и обновување на дрворедите во Општината Битола.;

2. **Одделение** за одржување на јавната чистота во градот.

## Одделение за уредување, одржување, заштита, и реконструкција на јавното зеленило и одржување и обновување на дрворедите во Општина Битола.

Покрај извршувањето и редовните активности од Програмата на одржување на јавното зеленило во 2017 год. планирани се голем број на активности кои ќе бидат во насока на подигнување на нови зелени површини, реконструкциоја на постоечките, доуредување на постоечките објекти со садници на мини ружи, изработка на фонтани и други активности согласно Проекти на Влада на РМ.

## Предвидени активности

За 2017 год. Секторот Јавно зеленило ги планира следните активности:

- Засадување на садници од ружи на следните објекти:

- пред ТТК Банка ------------------------------- 100 мини ружи
- Парк Офицерски дом -------------- --------- 100 мини ружи
- Главен парк ---------------------------------- 300 мини ружи
- жардињери покрај објект Безистен -------- 60 мини ружи
- парк Технички факултет --------------------- 100 мини ружи
- Детско игралиште --------------------------- 100 мини ружи

- Кружен тек на ул:Прилепска со ул: Баталјон Стив Наумов - хортикултурно уредување
- Поставување на гумени подни плочки на површина од 200 м2 на објекти каде се поставени детски реквизити
- хортикултурно уредување на фонтана пред ,,Завод и музеј,,
- хортикултурно уредување на кино Манаки на Широк сокак
- Ул:Булевар 1 ви мај - кастрење и обликување на дрворед со корпа
- Акција на ден на дрвото- засадување на 200 листопадни садници во урбаниот дел од Општина Битола

Јавното зеленило освен одржувањето на зелените површини изведува активности како подигнување на детски катчиња кои се лоцирани во поголемите населби во градот и руралните средини на територија на Општина Битола. Планираме во 2017 год. да се изврши поправка на детски реквизити замена со нови, ако се оштетени многу, поправка на клупи и поставување на нови канти за отпадоци. Активностите ќе ги започнеме во детските игралишта кои се наоѓаат во градското подрачје.

## Оддел за расадничко производсво

Во одделението за одржувањето на зелените површини работи и Одделот за расадничко производство каде се одгледуваат зимзелени и листопадни декоративни садници (расадник Нови гробишта и расадник кај с.Радобор) на површина од 5 ха. Се планира да се посадат нови 2000 парчиња едногодишни декоративни садници различни видови на зимзелени садници, 1000 парчиња листопадни едногодишни садници од различни видови , 1000 мини ружи во различни бои. Во расадникот кај Новите гробишта освен одгледувањето на декоративни садници се произведуваат и селски метли за одржување на јавната чистота во градот. Во расадникот кај Новите гробишта се планира и правење на компост од суровини кои ги собираме од јавните зелени површини.

## Оддел спортски објекти

Исто така во овој сектор е одделот за одржување на зелените површини од спортските објекти како фудбалски стадиони помошни стадиони и други спортските објекти. Оваа година се планира расчистување на нерамен и запуштен терен од 1500м2 кој се наоѓа до котларата на спортската сала Младост. Со тоа ќе се облагороди уште една зелена површина која ќе придонесе кон поквалитетна животна средина.

## Одделение за одржување на јавната чистота во градот

Одделението за одржувањето на јавната чистота во градот, работењето го изведува секојдневно во текот на целата година. Со програмата се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.
Одржувањето на јавната чистота подразбира :

- Машинско и рачно метење на јавните повшини и отворените простори на јавните објекти;
- Миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- Одржување на јавните површини и отворени простори на јавните објекти во зимски услови;
- Местење на корпи на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

Бројот на ангажирани лица во Секторот Јавното зеленило се предвидува да изнесува околу 90 лица со тенденција на зголемување на сезонски работници (25) во периодот март-ноември заради зголемен обем на работа.

Во 2017 год. Секторот Јавното зеленило планира поправка на стариот објект кој се наоѓа во дворот на цвеќара на ул: Македонска фаланга, а воедно и служи и како магацин, работилница и просторија за работниците (соблекувална).

## Техничка опременост

За извршување на своите активности предвидени со годишните програми за работа Секторот Јавно зеленило располага со следната техничка опременост:

| Реден број | Возило | Регистерски број | Вид на возило | Год. на производство |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ДАФ | ВТ-3724-АВ | Корпа за сечење на дрвја | 2006 |
| 2 | ТАФЕ 42 | ВТ-853-ВН | Трактор | 2008 |
| 3 | Приколка | ВТ-192-AL | Приколка | 1991 |
| 4 | ФАП 1314 | ВТ-768-АР | цистерна | 1982 |
| 5 | М1625 | ВТ-4346-АВ | Камион кипер | 1988 |
| 6 | Форд | ВТ-349-ВТ | Камионет | 1999 |
| 7 | Форд | БТ-631-БТ | Камионет | 1999 |
| 8 | Волво | ВТ-1962-АВ | Цистерна | 2001 |
| 9 | Метларка С50 | ВТ-975- ВН | Возило за маш.метење на улици | 2004 |
| 10 | Метларка С5000 | ВТ-974.ВН | Возило за маш.метење на улици | 2004 |
| 11 | Цитроен | ВТ-523-DK | Комбе | 2010 |
| 12 | Џондир | ВТ-606-ВН | Трактор | 2008 |
| 13 | Приколка | ВТ-990-ВН | Приколка | 2008 |
| 14 | Раковица | ВТ-529-СК | Трактор | 2003 |
| 15 | Приколка | ВТ-978-BL | приколка | 1997 |
| 16 | БОБКЕТ | | Мултифункц. возило | 2012 |
| 17 | Метларка-ДУЛЕВО | БТ-224-РБ | Возило за маш.метење на улици | 2006 |
| 18 | Чистач на снег | | | 2010 |
| 19 | Чистач на корења | | | 2015 |
| 20 | Цистерна | БТ -4817-АБ | | 2013 |
| 21 | Тракторска косалка | | | 2014 |
| 22 | Троредна садачка за расад | | | 2015 |
| 23 | Повеќенам .машина | | | 2014 |
| 24 | Моторни косачки | | | 2014 и 2/2015 |
| 25 | Систем - капка по капка | | | 2014 |
| 26 | Трактор со кабина | | | 2015 |
| 27 | Ѓубрерастурач | | | 2015 |

Покрај наведените возила Секторот Јавно зеленило располага и со следната механизација: дувалки за лисја, дувалка за снег, смукачка за лисја, моторни пили (обични, и телескопски), мотокултиватори, косачки (обични и грбни), рајдер, трактори за косење и др. машини и алати потребни за извршување на предвидените активности.

Во зависност од временските услови во месеците од месец ноември до месец март се пристапува кон зимско одржување на јавна чистота (чистење од снег на мостовите од река Драгор, тротоарите на улиците,сите пешачки патеки и др.)

# Инвестиционен план
# Механизација и опрема

| Р. Бр. | Основни средства | количина | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Култиватор | 1 | 220.000,00 | 220.000,00 |
| 2 | Набавка на косачка со корпа | 1 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 3 | Набавка на косачки грбни | 5 | 70.000,00 | 350.000,00 |
| 4 | Набавка на косачки самоходни | 1 | 70.000,00 | 70.000,00 |
| 5 | Набавка на моторни пили обични | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 6 | Набавка на култиватор | 1 | 70.000,00 | 70.000,00 |
| 7 | Набавка на трактор | 1 | 2.500.000,00 | 2.500.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | **3.460.000,00** |

# Дендро материјал

| Р. Бр. | Дендро материјал,семиња цвеќе идр. | парчиња | пакетчиња |
|---|---|---|---|
| 1 | Семиња за сезонски расад | / | 20 |
| 2 | Тревно семе | 200 кгр. | |
| 3 | Луковици гладиоли | | 2000 |
| 4 | Заштитни средства | 55 литри | |
| 5 | Декоративни садници | 1000 | |
| 6 | Декоративни садници-едногодишни | 2000 | 2000 |
| 7 | Саксиско цвеќе | 500 | |
| 8 | Саксии за пресадување | 200 | |
| 9 | Пролетен и летен расад | 1200 | |
| 10 | Фолијарна прихрана | 80 литри | |
| 11 | Земја -тресет | 1000 литри | |
| 12 | Вештачко ѓубре | 3200кгр. | |
| 13 | Режан цвет | 13400 | |
| | | | |

# Урбана опрема и детски реквизити -

| Р. Бр. | | парчиња |
|---|---|---|
| 1 | Клупи за седење без наслон | 60 |
| 2 | Клупи за седење со наслон | 25 |
| 3 | Канти за отпадоци | 200 |
| 4 | Жардињери за цвеќе | 50 |
| 5 | Лизгалки | 15 |
| 6 | Лулашки | 15 |
| 7 | Клацкалки | 15 |
| 8 | детска кула -метална | 3 |
| 9 | канти пластични со ликови | 5 |

## Планирани приходи

Очекуваните приходи од Секторот Јавно зеленило ќе бидат 48.200.000 ден. или 27 % од вкупните приходи кои се составени од:

| | |
|---|---|
| Приходи од јавна чистота | 21.400.000,00 ден. |
| Приходи од Расадник и Цвеќара | 1.800.000,00 ден. |
| Приходи од Совет на Општина Битола | 13.000.000,00 ден. |
| Приходи од фактурирани услуги во ЈЗП | 12.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО:** | **48.200.000,00 ден.** |

Очекуваните приходи во Секторот Јавно зеленило за одржување на јавните зелени површини ќе се остваруваат дел со наплата на сметките за ѓубретарина од физички и правни лица кои во сметките за ѓубретарина плаќаат надомест за одржување на јавното зеленило и дел од буџетски средства од Советот на Општина Битола, дел од Јавна чистота.

## Кадровска опременост 90 работници

РЕ Јавно зеленило расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 7
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 22
- Квалификувани работници КВ 2
- Неквалификувани работници НКВ 58

# ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

## Основна дејност

Основа дејност на Секторот Уредување и одржување на гробишта е управување со гробишта, односно одржување, давање право на употреба на гробни места како лична службеност, одржување и уредување на меѓугробен простор и услуги поврзани со покоен во капела.

Секторот Уредување и одржување на гробишта управува со старите Светонеделски гробишта, новите Св.Неделски гробишта и Буковските гробишта. Исто така врши и услуги во капела која се наоѓа во новите Св. Неделски гробишта.

## Техничка опременост

Секторот Уредување и одржување на гробишта својата активност ја врши со соодветна опрема и механизација.

- Товарно возило Волсфаген;
- Лесно патничко возило Цитроен.

## Предвидени активности

- Уредување на меѓугробниот простор (одржување на хигиена, уредување на зелените површини, кастрење и сечење на дрвја, копање и чистење на одводните канали ;
- Континуирано собирање и исфрлање на сметот и градежните материјали од сите гробишта;
- Бетонирање на 200 плоштатки;
- Продажба на 200 плоштатки;
- Давање право на употреба на 200 гробни места како лична службеност;
- Тековно косење на тревата и собирање на сметот во сите гробишта
- Активно сечење на дрвја во Светонеделските и Буковските гробишта;
- Копачење на млади стебла низ гробиштата;
- Продолжување на пренумерацијата и катастарска евиденција во сите гробишта;
- Редење на клупи на прва парцела во Новите гробишта;

- Бетонирање на разни клупи канти крлешки и разна друга урбана опрема;
- Подготовка на нови површини за гробни места во Буковските гробишта;
- Оградување на гробиштата во Св .Недела и Буковски гробишта;
- Доасфалтирање на  патеките низ гробиштата;
- Насипување на просторот кој се подготвува за изработка на плоштатки во Новите гробишта;

## Инвестиционен план

| Р.бр | Мерка | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Градежен материјал (цемент,песок,тампон,железо,и др.материјал) | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 2 | Доградување на Св. Неделските и Буковксите гробишта | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 3 | Асфалтирање на патеки во новите Св.Неделски гробишта | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | **4.500.000,00** |

## Планирани приходи

Во Секторот Уредување и одржување на гробишта во наредната година се планира приход од 21.700.000 ден. или 12 % од вкупно остварениот приход.

Учеството на пооделните приходи е следно:

Приходи од одржување на меѓугробен простор.........................................................................................6.600.000,00 ден.
Приходи од давање во право на владеење во лична сопственост на гробно место..................................12.500.000,00 ден
Регистрација на гробно место давање на уверенија и други приходи ....................................1.000.000,00 ден.
Приходи од капела................................-....... ............................1.600.000,00 ден.

**ВКУПНО................................................................. 21.700.000,00 ден.**

## Кадровска опременост 35 работници

Секторот Уредување и одржување на гробишта расплага со следниот стручен кадар:

| | |
|---|---|
| • Висока стручна спрема ВСС | 6 |
| • Виша стручна спрема ВШС | 1 |
| • Средна стручна спрема ССС | 18 |
| • Квалификувани работници КВ | 5 |
| • Неквалификувани работници НКВ | 5 |

## ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

- Секторот за општи и правни работи ги опфаќа:
  - ✓ Одделението за општи и правни работи;
  - ✓ Одделението за јавни набавки.

Одделението за општи и правни работи ги опфаќа работите поврзани за правата и обврските на вработените во претпријатието, целокупната правна работа на претпријатието пред судовите и другите државни органи, изготвување на актите како и целокупното архивско работење.

Одделението за општи и правни работи е поделено на :

- ➢ Оддел за општи работи;
- ➢ Оддел за правни работи;
- ➢ Оддел за јавни набавки
- ➢ Оддел за премер.

Во овие одделенија се вршат активности како изготвување на решенија, тужби, жалби, приговори,барања и други акти за пред судовите и другите државни органи и институции. Го организира функционирањето и усогласувањето на архивското работење на претпријатието.

Во одделението за јавни набавки се спроведува целокупната постапка за јавните набавки согласно законската регулатива во соработка со Бирото за јавни набавки.

Во склоп на овој сектор е и стражарската служба.

## Предвидени активности

Секторот за општи и правни работи како и во изминатите години и во текот на 2017 година, следејќи ги наплатите на корисниците на услугите од изминатите години, ќе врши редовно тужење на коминтентите кои не ги подмириле своите долгови во законски наведените рокови.

## Кадровска опременост 26 работници

Сектор за Општи и правни работи расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 13
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 12

# ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

- Секторот за финансиско работење поделен е на одделенија:
- ✓ Одделение за финансии
- ✓ Одделение за наплата

Овој Сектор работи според Правилникот за сметководство кој во себе ги содржи сите Меѓународни сметководствени стандарди и законски регулативи. Ажурно доставува сметки до корисниците на сите видови услуги на ЈП Комуналец Битола и ги евидентира финансиските трансакции.

Учествува во изготвување на целокупната документација врзан со сметководственото работење и креирањето на деловната политика на ниво на претпријатието.

## Предвидени активности

Со цел да ја унапреди ефикасноста и точноста на работата на своите одделенија, како и да ја зајакни комуникацијата со граѓаните ЈП ,, Комуналец,, планира мигрирање на софтверскиот систем .

Во таа насока продолжува и активноста спроведување на оперативен катастар на стопанска јавна инфраструктура (ОКСИ) за градските гробишта на трите локации.

## Инвестиционен план

Набавка на компјутерска и друга опрема во износ од 1.200.000,00 ден.

## Кадровска опременост 31 работници

Секторот за Финансиско работење располага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 8
- Виша стручна спрема ВШС 3
- Средна стручна спрема ССС 20

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО СЕКТОРИ ЗА 2017 ГОД.

| Р.бр | ПРИХОДИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Сектор „Комунална хигиена“** | | | |
| | ѓубретарина од население | 70.500.000 | 63 | |
| | ѓубретарина од правни лица | 32.000.000 | 29 | |
| | приходи од влез,третман и депонирање на комунален и друг вид на неопасен отпад | 3.500.000 | 3 | |
| | продажба на контејнери | 300.000 | - | |
| | продажба на отпадна пластика | 200.000 | - | |
| | приходи од собирање и балирање на хартија | 1.100.000 | 1 | |
| | приходи од пластични канти | 150.000 | - | |
| | приходи од пајак служба | 400.000 | - | |
| | приходи од продажба на ситен инвентар | 300.000 | - | |
| | други приходи | 3.350.000 | 3 | |
| | **ВКУПНО:** | **111.300.000** | **100** | |
| **2.** | **Сектор „Јавно зеленило“** | | | **61** |
| | приходи од јавна чистота | 21.400.000 | 44 | |
| | приходи од Совет на Општина Битола | 13.000.000 | 27 | |
| | одржување на ЈЗП | 12.000.000 | 25 | |
| | расадник и цвеќара | 1.800.000 | 4 | |
| | **ВКУПНО** | **48.200.000** | **100** | |
| **3.** | **Сектор „Уредување и одржување на гробишта“** | | | **27** |
| | приходи од одржување на меѓугробен простор | 6.600.000 | 30 | |
| | приходи од давање во право на владеење во лична сопственост на гробно место | 12.500.000 | 58 | |
| | регистрација на гробно место давање на уверенија и други приходи | 1.000.000 | 5 | |
| | приходи од капела | 1.600.000 | 7 | |
| | **ВКУПНО:** | **21.700.000** | **100** | **12** |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **181.200.000** | **/** | **100** |

# ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОД.

| ТРОШОЦИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| **СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | |
| потрошено сировини и материјали | 2.700.000 | 3 | |
| трошоци за дизел гориво | 6.000.000 | 7 | |
| гориво за лесни коли | 200.000 | | |
| трошоци за електрична енергија | 1.000.000 | 1 | |
| резервни делови | 3.500.000 | 4 | |
| отпис на ситен инвентар | 2.800.000 | 3 | |
| транспортни и ПТТ услуги | 300.000 | | |
| тековно одржување на основни средства | 3.500.000 | 4 | |
| закупнини | 1.450.000 | 2 | |
| други комунални услуги | 500.000 | 1 | |
| регистрација | 300.000 | | |
| други услуги | 7.000.000 | 8 | |
| амортизација | 3.650.000 | 4 | |
| вредносно усогласувања на побарувањата | 3.500.000 | 4 | |
| надоместоци и други лични примања | 2.200.000 | 3 | |
| судски такси | 4.000.000 | 5 | |
| утврдени трошоци од м.год.и трош.за сез.работници | 1.000.000 | 1 | |
| нето плати, даноци и придонеси од плата | 42.000.000 | 49 | |
| набавна вредност на продадена стока | 250.000 | | |
| **ВКУПНО:** | **85.850.000** | **100,00** | **48** |

# ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ВО 2017 ГОД.

| ТРОШОЦИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| **СЕКТОР ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО** | | | |
| вреќи пластични за собирање на отпад | 600.000 | 1 | |
| материјални трошоци за песок чакал и украсен камен | 250.000 | - | |
| тревно семе и друг посадочен материјал | 1.250.000 | 3 | |
| дизел гориво | 1.100.000 | 3 | |
| електрична енергија | 230.000 | - | |
| гориво за лесни коли и тревокосачки | 800.000 | 2 | |
| резервни делови | 600.000 | 2 | |
| отпис на ситен инвентар | 500.000 | 1 | |
| ПТТ и други услуги | 200.000 | - | |
| тековно одржување на основни средства | 1.450.000 | 3 | |
| клупи-огради и лизгалки, жардињери и останато | 1.500.000 | 4 | |
| закупнини | 25.000 | - | |
| комунални и други услуги за ископ | 2.300.000 | 5 | |
| амортизација | 1.800.000 | 5 | |
| надоместоци и други лични примања | 1.600.000 | 4 | |
| реклама репрезентација и спонзорство | 250.000 | - | |
| нето плата даноци и придонеси | 26.700.000 | 63 | |
| набавна вредност на продадена стока | 1.500.000 | 4 | |
| **ВКУПНО:** | **42.655.000** | **100** | **24** |

# ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОД.

| ТРОШОЦИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| **СЕКТОР УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА** | | | |
| бетон,песок и останало | 200.000 | 1 | |
| вреќи и најлонски вреќи | 15.000 | | |
| мермери | 100.000 | | |
| останати нематеријални трошоци | 200.000 | 1 | |
| дизел гориво | 100.000 | | |
| електрична енергија | 400.000 | 2 | |
| гориво за лесни коли | 100.000 | | |
| резервни делови | 100.000 | | |
| отпис на ситен инвентар | 50.000 | | |
| транспортни и ПТТ услуги | 100.000 | | |
| тековно одржување на основни средства | 100.000 | | |
| закупнини | 60.000 | | |
| комунални услуги | 700.000 | 4 | |
| амортизација | 720.000 | 4 | |
| вредносно усогласување | 100.000 | | |
| надоместоци и други лични примања | 820.000 | 5 | |
| исплата на корисниците за солидарен погреб | 3.300.000 | 15 | |
| нето плати даноци и придонеси | 14.400.000 | 67 | |
| **ВКУПНО:** | **21.565.000** | **100** | **12** |

# ПРЕГЛЕД ЗА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОД.

| ТРОШОЦИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | | | |
| материјални трошоци | 400.000 | 1 | |
| канцелариски материјал | 500.000 | 2 | |
| гориво за лесни коли | 300.000 | 1 | |
| отпис на ситен инвентар | 25.000 | | |
| птт услуги | 150.000 | | |
| тековно одржување на основните средства | 350.000 | 1 | |
| амортизација | 420.000 | 2 | |
| репрезентација | 500.000 | 2 | |
| спонзорство и реклами | 1.800.000 | 7 | |
| трошоци за УО | 670.000 | 3 | |
| надоместоци и други лични примања | 1.260.000 | 5 | |
| дневен печат и списанија | 700.000 | 3 | |
| останати трошоци за осигурување и членарини | 300.000 | | |
| нето плата даноци и придонеси | 19.500.000 | 73 | |
| **ВКУПНО:** | **26.875.000** | **100** | **14** |

# ПРЕГЛЕД НА ОПШТИ ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОД.

| ТРОШОЦИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во сектор | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| камати од редовно работење | 600.000 | 35 | |
| банкарски провизиии нотарски услуги | 1.100.000 | 65 | |
| **ВКУПНО:** | **1.700.000** | **100** | **2** |

# ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА 2017 ГОДИНА

| **ТРОШОЦИ** | **ПЛАН 2017** | **% на уч.во ЈП** |
|---|---|---|
| потрошен материјал | 5.415.000 | 3 |
| канцелариски материјал | 500.000 | - |
| дизел гориво | 7.200.000 | 5 |
| гориво за лесни коли | 1.400.000 | 1 |
| потрошено елек.енергија | 1.630.000 | 1 |
| мермери | 100.000 | |
| резервни делови | 4.200.000 | 1 |
| канти огради лизгалки | 1.500.000 | 1 |
| отпис на ситниот инвентар | 3.375.000 | 2 |
| ПТТ услуги | 750.000 | 1 |
| комунални услуги | 7.700.000 | 4 |
| тековно одржување на основни средства | 5.400.000 | 3 |
| регистрација на возила | 300.000 | |
| други услуги | 2.800.000 | 2 |
| закупнини | 1.535.000 | 1 |
| амортизација | 6.590.000 | 4 |
| вредносно усогласување на побарувањата | 3.600.000 | 1 |
| надоместоци и други лични примања | 5.880.000 | 3 |
| трошоци за реклама и спонзорство | 2.050.000 | 1 |
| трошоци за репрезентација | 500.000 | |
| дневен печат и списанија | 700.000 | 1 |
| банкарски услуги членар. и осигурување | 300.000 | |
| судски такси | 4.000.000 | 1 |
| останати трошоци од минати година | 200.000 | |
| трошоци за сезонски работници | 1.000.000 | 1 |
| трошоци за управен одбор | 670.000 | 1 |
| плата ,даноци и придонеси од плата | 102.600.000 | 58 |
| набавна вредност на продадена стока | 1.750.000 | 1 |
| исплата на корисниците за солидарен погреб | 3.300.000 | 2 |
| камата по кредити и судски решенија | 1.700.000 | 1 |
| **ВКУПНО:** | **178.645.000** | **100,00** |

# РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА НИВО НА СЕКТОРИ ВО 2017 ГОДИНА

| | СЕКТОРИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|---|
| 1 | Сектор Комунална хигиена | 85.850.000 | 48 |
| 2 | Сектор Јавно зеленило | 42.655.000 | 24 |
| 3 | Сектор Уредување и одржување на гробишта | 21.565.000 | 12 |
| 4 | Сектор за Општи и правни работи и Сектор за финансиско работење | 26.875.000 | 15 |
| 5 | Општи трошоци | 1.700.000 | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **178.645.000** | **100** |

# ПЛАН ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ПОДЕЛБА НА ТРОШОЦИ ЗА 2017 ГОДИНА

| ЕЛЕМЕНТИ | ПЛАН 2017 | % на уч.во ЈП |
|---|---|---|
| Приходи од Сектор „Комунална хигиена“ | 111.300.000 | 61 |
| Приходи од Сектор „Јавно зеленило“ | 48.200.000 | 27 |
| Приходи од сектор Уредување и одржување на гробишта | 21.700.000 | 12 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **181.200.000** | **100** |
| потрошено материјали | 21.945.000 | 12 |
| услуги од карактер на материјални трошоци-гориво и ел.енергија | 21.860.000 | 12 |
| амортизација | 6.590.000 | 4 |
| вредносно усогласување на краткорочните побарувања | 3.600.000 | 2 |
| нематеријални трошоци | 17.050.000 | 10 |
| бруто плати | 102.600.000 | 57 |
| камати од работењето | 1.700.000 | 1 |
| исплата на корисниците за солидарен погреб | 3.300.000 | 2 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **178.645.000** | **100** |
| **ОСТАТОК ОД РАБОТЕЊЕТО:** | **2.555.000** | **/** |

Референт во план и анализа

Михајлоска Славка

________________

Раководител на сектор за финансиско работење

Атанасовска Силви

________________

ЈП Комуналец Битола

Директор

Зоран Соклевски

________________________